Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 04-249/1

25.05.2022 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë 25-05-2022 | Вредност Vlera: |
| | | | |

**Управа за електронско здравство**

**ДО**
**Агенција за администрација**
**Ул.Јури Гагарин бр.15**
**Скопје**

**ОД: Управа за електронско здравство - Министерството за Здравство на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на барање за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници и образец - пријава за интерен оглас

Врз основа на чл.30 ст.1, став 3 и став 5, член 48 и чл.49 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на РМ бр.11/2015 и бр.35 од 23.02.2018 година), и добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за Финансии бр.18-4434/2 од 18.05.2022 година - согласно чл.30 ст.5 од Законот за административни службеници, Управата за Електронско здравство објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.1/2022**

**За пополнување на следните работни места со унапредување:**

1. Раководител на одделение за управување и унапредување на интегрираниот здравствен информатички систем (ИЗИС) – Сектор за ИКТ и анализа на податоци - Одделение за управување и унапредување на унтегрираниот здравствен информатички систем – УПР 01 01 Б04000,................ 1 (еден) извршител

**Општи услови за работното место:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност како и:
- Да е оценет со оцена ,,А,,или ,,Б,, при последното оценување,
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Посебни услови за работното место:**

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Математика, Информатика , Компјутерска техника и информатика,
- Работно искуство најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку 1 (една) година на работно место во јавен сектор, односно најмалку 6 (шест) години работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски),
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација како и:

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).
Дневно работно време од 08:00 до 16:00 часот
Работни денови: понеделник до петок
Недело работно вдреме: 40 (четириесет) часа
Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој е вреднува степенот на образование и додаток на плата за звање изнесува 30.054,00 денари.

**Управа за електронско здравство**
**В.Д Директор,**
**Рефик Мустафи**

Република Северна Македонија Управа за електронско здравство Министерство за здравство Скопје

Подготвил: Онур Клинче

Проверил: Елица Стојаноска


Министерство за здравство на | Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје | +389 2 3112500